ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ

# ПРОЕКТНА ПРИЈАВА

**за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации кои се одржуваат во Општина Ѓорче Петров**

| |
|---|
| |

(Име на спортскиот клуб, спортското здружение, спортист, друго правно лице)

| |
|---|
| |

(Спорт за којашто се однесува проектната пријава)

| |
|---|
| |

(Име на проектот)

______________, 20____ година

## ОПШТИ УПАТСТВА

### Насловна страница

Насловната страница содржи: име и знак на спортскиот клуб, спортското здружение, спортистот, друго правно лице за спорт и спортот за којашто се поднесува проектната пријавата, име на проектот, место и година.

### Наслов

Насловот треба да одговара на содржината на проектот.

Насловот треба да биде кус. Треба да се избегнуваат долги и описни наслови.

### Број на страници

Бројот на страниците е во зависност од намената на проектот или од големината, но не повеќе од 5-10 страници, без прилози.

### Содржина

Кога проектот е подолг од 10 страници, треба да има содржина.

## Општи податоци

Овој дел содржи информации за профилот на проектот

| | |
|---|---|
| **Име на проектот** | |
| **Целна група** | |
| Целна група | |
| Директни корисници | |
| **Целно подрачје и локација** | |
| Ниво | |
| Целно подрачје | |
| Локација | |
| **Временски период** | |
| **спортски клуб, спортско здружение, спортист, друго правно лице** | |
| Носител и партнери | |
| Спроведувачи | |
| **Финансиски план** | |
| Вкупен износ | |

## Кратко резиме

ПРОЕКТ

## 1. РАМКА НА ПРОЕКТОТ

Рамката на проектот ги содржи основата и оправданоста на проектот. Основата (задднината) треба да содржи информации за општиот контекст и за вклучените организации.

### *1.1 Основа (потреба за проект)*

### *1.2. Оправданост*

**Оправданост** содржи анализа на проблемите, целите, релевантните активности и предложениот пристап (стратегија). Оправданоста треба да одговара на соодветниот контекст. Во овој дел се преоѓа од општ кон специфичен контекст. За нивоата види општ контекст.

## 2. ОПИС НА ПРОЕКТОТ

### *2.1. Цели*

- **Општа цел** (Долгорочни промени кон кои проектот придонесува. Се прикажува важноста на проектот за локалната заедница, често соодветствуваат со мисијата на здружението).
- **Цел на проектот** (Цел на проектот е промена што треба да се постигне со интервенцијата што е планирана со проектот. Целта соодветствува на причината поради којашто на корисниците им е потребен проектот, од којашто тие ќе имаат јасна корист. Целта мора јасно да изрази зошто на корисниците им е потребен проектот).

### *2.2. Целна група, целно подрачје и локација*

Дефиниција на целната група - специфичен вид население на определено географско подрачје и нејзин квантитативен и квалитативен опис. Број на корисници, директни и индиректни, и опис на користа за целната група. Целното подрачје е географското подрачје каде што се наоѓа целната група. Локацијата е местото каде што се одвива активноста. Локацијата може да е поинаква од целното подрачје. Нивото може да биде локално, општинско, регионално, национално.

### *2.3. Резултати*

Постигнувања што произлегуваат од активностите на проектот. Резултатите заедно водат кон целта на проектот. Може да има повеќе резултати.

### *2.4. Активност*

Опис на активноста/инструментот што се употребува во проектот, нивото и формата. Потребни се доволно детали со сите познати податоци (пример: број на денови за обука, број на обучувачи, тиражи, страници, рубрики за организирање на постапките, за да се добијат планираните продукти и со тоа резултатите на проектот). Описот треба да објасни како ќе се спроведе активноста.

### *2.5. План за спроведување*

Опис што ќе биде направено, од кого, каде, кога.

## 3. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ (партнери на проектот)

### 3.1. Организациска структура на проектот

Во организациската структура се опишуваат вклучените спортски клубови, спортски здруженија, спортистите, другите правни лица (партнерствата), управувањето и раководењето. Се опишува улогата на секој вклучен спортски клуб, спортско здружение, спортист, друго правно лице, вклучувајќи и нивна одговорност. Какви органи и тела постојат (органи на одлучување, советодавни тела) и која е нивната улога во донесувањето на одлуки.

## 4. ФИНАНСИСКИ ПЛАН

### *4.1. Приходи*

Преглед на добиените и очекуваните приходи.

### *4.2. Расходи*

Опис на трошоци по категории и позиции. Во расходите треба да бидат изнесени количествата и единичните цени.

ПРЕДЛОГ - БУЏЕТ

**Резиме на трошоците во проектот и на бараните финансиски средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2020 година**

| | |
|---|---|
| Висина на грантот (финансиски средства кои се бараат од Буџетот на Општина Ѓорче Петров) | ____________ МКД |
| Партиципација од апликантот (финансиски средства) | ____________ МКД |

**Вкупен буџет на проектот: ________________ МКД**

**Партиципација од апликантот во процентуален износ: _____________%**

БУЏЕТ НА ПРОЕКТОТ (МКД)

| Основни категории | Барана финансиска поддршка од Буџетот на ОЃП | Партиципација од апликантот - сопствени средства | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **I. Вработени (вкупно)** | | | |
| Плати | | | |
| Придонеси и даноци од плати | | | |
| Надоместоци и хонорари | | | |
| Придонеси и даноци од надоместоци и од хонорари | | | |
| | | | |
| **II. Патни трошоци (вкупно)** | | | |
| Транспорт | | | |
| Хотелско сместување | | | |
| Дневници | | | |
| | | | |
| **III. Опрема (вкупно)** | | | |
| ИТ - опрема | | | |
| Мебел | | | |
| Друга опрема (специфицирај) | | | |
| | | | |
| **IV. Канцелариски материјали (вкупно)** | | | |
| Канцелариски материјали | | | |
| Други трошоци (специфицирај) | | | |
| | | | |
| **V. Други директни трошоци (вкупно)** | | | |
| Трошоци за комуникација | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Интернет | | | |
| Банкарски провизии | | | |
| | | | |
| **VI. Индиректни трошоци (вкупно)** | | | |
| Користење канцеларија | | | |
| Други индиректни трошоци (специфицирај) | | | |
| **VII. Специфични трошоци поврзани со пректот (вкупно)** - *искористете ги овие ставки и доколку е потребно, додадете детали или ставки што се релевантни за Вашиот проект* | | | |
| Договори за услуги | | | |
| Изнајмување простории за организирање настани | | | |
| Публикации | | | |
| Конференции и работилници | | | |
| Комуникациски продукти | | | |
| | | | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III+IV+V+VI +VII)** | | | |
| **Вкупно процентуално учество - %** | | | |

***Вкупниот износ на бараната финансиска поддршка од Буџетот на Општина Ѓорче Петров (првата колона) треба да е во висина на грантот за кој се поднесува пријавата.***

## ТЕХНИЧКО УПАТСТВО ЗА ПРЕДЛОГ - БУЏЕТОТ

Ве молиме следете го примерот за буџет на проектот од овој документ за да ја прикажете планираната употреба на средствата. Заедно со формуларот за буџетот, Ве молиме доставете и детално описно резиме за Вашиот буџет што содржи точно и јасно дефинирано оправдување за буџетот. Ова значи дека треба да ја објасните потребата за конкретните расходи и начинот на кој биле направени процените на расходите. Исто така, објаснете како предложениот буџет ја поддржува целта на проектот. Вклучете релевантни детали што ќе им помогнат на оние што ќе го разгледуваат буџетот да го разберат Вашето размислување кога сте го подготвувале.

Ве молиме ставете износи само за оние ставки во формуларот што ги рефлектираат потребите на Вашиот проект, не мора да ги пополните сите ставки во презентираниот формулар.

**Ве молиме НЕ НАДМИНУВАЈТЕ ДВЕ СТРАНИЦИ за описниот дел од буџетот.**

НАПОМЕНА:

**Доколку добиете финансиски средства за Вашиот проект од Буџетот на Општина Ѓорче Петров, имате обврска на сите материјали (печатени и електронски) што ќе бидат продуцирани во рамките на тој проект на видно место да стои:**

**Поддржано од**
**Општина Ѓорче Петров**